***МАКЕДОНСКА НЕЗАВИСНА АГЕНЦИЈА - MACEDONIAN INDEPENDED AGENCU***

**OhridSky.com**

СОС БАЛКАН МЕДИА
Булевар Туристичка ТЦ
Гранит Лок.бр.8
+389(0)70311290
kotvaoh@yahoo.com

До

ЈП „Колекторски систем"- Скопје

**Директор –Владимир Алексиески**

**Предмет:Барање за информации од Јавен карактер**

**Почитувани,**

**Врз основа на чл. 8 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл. весник на Република Македонија, бр.13/2006), кој почна да се применува на 1 септември 2006 година, до Вас како имател на информации,бараме да ни доставите следните информации од јавен Карактер:**

**1.Колку средства во фискалната 2019 и 2020 и 2021година имате потрошено на име на хотелски и ресторански услуги?,како и да нис доставите скенирана копија од доспеаните фактури со приложени спецификации,како и кое лице ги користело истите и во кој хотелско угостителски објекти?**

**2.Колку средства се исплатени на име патни и дневни трошоци во фискалните 2019 ,2020 и 2021 година,на кој лица и за кој патувања , да се достави прилог од патни налози?**

**Согласно чл. 8 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер информациите да ни бидат доставени по пат на електронска пошта на следната адреса kotvaoh@yahoo.com во законски предвидениот рок од осум (8)дена.**

**Со почит**

**СОС Балканмедиа-Охрид**

**Охрид 30-03-2021 г**

Јавно претпријатие Колекторски Систем
Ndërmarrja publike Sistemi i Kolektorit

| Примено/Pranuar: 30.03.2021 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг.един. Nj.org. | Број Nr | Прилог Shtojcë | Вредност Vlera |
| 03 | 254/1 | | |

Архивски знак: 0306
Рок на чување: 10
22.04.2021 година
Потпис,

Република Северна Македонија
**Јавно претпријатие Колекторски систем - Скопје**

**Република
Северна Македонија**

**Јавно претпријатие
Колекторски систем Скопје**

**ЕМБС:** 7326041
ул.Пушкарска бр.33-лок.11
Скопје-Чаир,
подружница Охрид
Бул.Туристичка 77 влез 1 кат
1 дел простор 2, Охрид,
Република Северна
Македонија

Бр. 03-254/2

Дата: 09.04.2021
Скопје

**ДО: СОС БАЛКАН МЕДИА
БУЛ. ТУРИСТИЧКА ТЦ ГРАНИТ
ЛОК.БР.8**

**ПРЕДМЕТ: ИЗВЕСТУВАЊЕ**

Почитувани,

Во врска со Вашиот допис од 30.03.2021 година, во кој барате да Ви бидат доставени информации од јавен карактер, и тоа: реализирани трошоци за репрезентација и патни трошоци за годините 2019, 2020 и 2021, во прилог Ви го испраќаме бараниот преглед.

Дополнително, со оглед на обемноста на материјалите, Ве покануваме во секој момент во нашите простории да извршите увид на документите за кои станува збор во барањето.

Со почит,

Изработил:
Раководител на финансиски сектор
Јовче Мирчески

ЈП КОЛЕКТОРСКИ СИСТЕМ Скопје
В.Д. Директор
дипл.инг.техн. Владимир Алексијоски

Јавно претпријатие
КОЛЕКТОРСКИ СИСТЕМ
Ndermarrja publike
SISTEMI I KOLEKTORIT
(2)
СКОПЈЕ * SHKUP

**ПРЕГЛЕД НА РЕАЛИЗИРАНИ ТРОШОЦИ ЗА РЕПРЕЗЕНТАЦИЈА И ДНЕВНИЦИ ЗА СЛУЖБЕНИ ПАТУВАЊА ЗА 2019,2020 И 2021 ГОДИНА**

| Ред. Бр. | Назив на трошок | Година на реализација на трошоците | | |
|---|---|---|---|---|
| | | 2019 | 2020 | 2021 |
| 1. | Трошоци за репрезентација | 186.824* | 43.353 | 2.170 |
| 2. | Дневници за службени патувања и патни трошоци | 23.278 | 105.767 | 14.269 |

Табела бр.1 Преглед на реализирани трошоци за 2019, 2020 и 2021 година во денари.

Напомена: Возилата кои се во сопственост на ЈП Колекторски систем – Скопје им се ставаат на располагање на сите вработени, кои ги користат истите исклучиво за службени потреби. Согласно на тоа, трошоците за службени патувања во годините анализирани погоре се реализирани од страна на вработените кои ги користеле возилата за гореспоменатите потреби. Овде особено треба да се земе фактот дека седиштето на ЈП е во Скопје.

*Со исклучок на ф-ра бр.171 од 13.11.2019 година на износ 2.450,00 денари која гласи на ЈП Колекторски систем – Скопје, остатокот од вкупниот износ на конто репрезентација е остварен од страна на раководството на МЈП Проаква – СТРУГА, РЕ ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА – СТРУГА, потпишани и оверени од нивна страна, а истиот е превземен од наша страна согласно поделбата на истоименото претпријатие со која ректроактивно се превземаат сите прокнижени дејствија од датум 01.07.2019 година.
Во полза на ова тврдење оди и фактот дека ЈП Колекторски систем – Скопје започнува со работа на самиот крај на 2019 година, па согласно наведеното не е возможно целокупниот износ наведен во Табелата за соодветната година да биде реализиран од страна на раководството на ЈП Колекторски систем.